


# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022 ГОДИНА НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА – ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД СКОПЈЕ

**Издавач**
Здружение за зајакнување и застапување на ЛГБТИ заедницата ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје

**За издавачот**
Беким Асани, претседател на здружението

Скопје, август 2023 г.

**Контакт:**
Здружение за зајакнување и застапување на ЛГБТИ заедницата ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје
адреса: ул. „Маџир Маало“ бр. 36/17, Скопје, Република Северна Македонија
телефон: 078 385 571; е-пошта: info@lgbtiunited; веб-сајт: lgbtiunited.mk

Ова дело е лиценцирано под лиценца *Creative Commons Attribution 4.0 International*.

# ВОВЕДЕН ЗБОР

Почитувани,

Пред вас се наоѓа наративниот извештај за работата на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје, здружение за зајакнување и застапување на ЛГБТИ заедницата.

Од почетокот на нашата работа, 2022 година беше најтешка година за сите нас во ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД. Јас, лично, како ЛГБТИ активист бев три пати физички нападнат од страна на хомофоби, а еден од нападите се случи за време на одржување на активност на здружението во Струмица.

Не беше воопшто лесно да донесеме одлука да ја преселиме нашата канцеларија во Скопје, после 10 години работа во Тетово.

Иако со многу предизвици, пред сѐ безбедносни, успеавме да организираме и да направиме многу нешта за ЛГБТИ заедницата во Скопје, но и на локално ниво во неколку градови во Република Северна Македонија.

Тоа што најмногу ме радува е дека, и после сѐ, сѐ повеќе млади ЛГБТИ лица се вклучуваат во нашите активности на разни начини.

Со почит,
Беким Асани
Претседател на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје-Центар

# ЗА ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД СКОПЈЕ

ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје е невладина, непрофитна и мултиетничка организација, која вклучува членови кои се граѓански активисти, индивидуалци/ки со различен профил, од различни етнички групи, како и религии. ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје е основана во мај 2012 година.

Основната цел на организацијата е заштита, промоција и почитување на човековите права, првенствено на ЛГБТИ лицата, обезбедување на еднаков пристап до здравствена заштита и обезбедување на други витални социјални и правни услуги, со што се гарантира рамноправност и вклучување на ЛГБТИ лицата во сите сфери на животот преку создавање на поддржувачка и толерантна атмосфера која вклучува разновидност и слобода.

Во овој контекст, меѓу останатите цели на ЛГБТИ Јунајтед Скопје се вбројуваат: зајакнување на ЛГБТИ заедницата; имплементација и потполно уживање на правата на ЛГБТИ лицата и борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет; подигнување на свеста за правата на ЛГБТИ лицата како човекови права; застапување и лобирање за ЛГБТИ лицата со цел промена на постојните закони (законодавство); подобрување на сексуалното здравје преку превентива од ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи болести помеѓу ЛГБТИ популацијата.

ВИЗИЈА

ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје е граѓанска организација која работи на поддршка на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија, вклучително во соработка со нивните семејства, пријатели и поддржувачи кои активно придонесуваат кон целосно вклучување и препознавање на припадниците на ЛГБТИ заедницата како рамноправни чинители во општеството.

МИСИЈА

Нашата мисија е да ги заштитиме, јавно да ги поддржиме и промовираме човековите правата на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија, преку обезбедување на еднаков пристап до здравствени, социјални и правни услуги и вклучување во сите процеси во општеството, како и успешно зачувување на средина каде еднаквоста, слободата, етиката, интегритетот и разновидноста се препознатливи општествени вредности, во пораст.

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО 2022 ГОДИНА

**Проект: Институционална поддршка на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје**
Поддржан од програмата ЦИВИКА МОБИЛИТАС.




Во периодот од јануари до септември 2022 година, ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје го спроведе последниот дел од проектот „Институционална поддршка на ЛГБТ ЈУНАЈТЕД Тетово", поддржан од програмата ЦИВИКА МОБИЛИТАС. Проектот започна во јули 2019 година, а заврши во септември 2022 година.

Овој проект имаше за цел да даде институционална поддршка на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје за институционално јакнење и развивање на организацијата во период од 3 години. ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје во овој период се разви во силна и влијателна граѓанска организација која може да даде квалитетен придонес во зајакнувањето и застапувањето на ЛГБТИ заедницата.

**Проект: Годишна програма за работа на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје**
Поддржан од Делегацијата на Европската Унија во Скопје

Почнувајќи од јануари 2022 година, годишниот план за работа на здружението ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје беше поддржан од Делегацијата на Европската Унија во Скопје. Преку овој грант беше поддржана работата на Центарот на ЛГБТИ заедницата, првично во Тетово, па потоа во Скопје.

Овој проект треба да допринесе за остварување на следниве цели:

- Зголемени организациски капацитети за подобро работење на заштита и унапредување на човековите права и основните слободи на ЛГБТИК+ популацијата и поврзаните малцинства, а во насока на намалување на сиромаштијата меѓу нив и нивно целосно вклучување во општеството.
- Да ја зајакнеме ЛГБТИК+ популацијата и поврзаните малцинства во Полог, Пелагонија и југоисточниот регион (лидерите во овие региони), подобро да се застапуваат и лобираат за нивните приоритети.
- Подобро вклучување на ЛГБТИК+ лицата во просторите за национална

и локална политика и креирање на политики, обезбедување подобар пристап до основните здравствени и образовни услуги и олеснување на нивното учество на пазарот на трудот, во соработка со властите и други актери во и од полошкиот, пелагонискиот и југоисточниот регион.



Обука за лидерство во Скопје

Преку овој проект беше спроведена серија на обуки за лидерство, од кои произлегоа 22 обучени лидери од ЛГБТИ заедницата кои ќе допринесат за мобилизација на ЛГБТИ заедницата во нивните градови.

За зголемување на видливоста на здружението, во 2022 година поставивме штандови во пет градови: Тетово, Гостивар, Струга, Охрид и Струмица. На овие штандови граѓаните имаа можност да се запознаат со работата на нашето здружение. На штандовите беа делени информативни материјали за работата на здружението. Исто така беа поделени околу 500 флаери со основни информации за здружението и информации за основните поими кои ЛГБТИ заедницата ги користи.




Информативен штанд во Струмица

Виножитниот блог, кој е составен дел од нашиот веб-сајт, беше изработен и пуштен во употреба во мај 2022 година. Покрај соопштенија во врска со работата на здружението, на виножитниот блог се објавуваат написи што обработуваат ЛГБТИ-теми и новости од земјата, регионот и светот.

Дел од активностите кои ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД ги спроведе во 2022 година се и друштвените центри во повеќе градови во Северна Македонија. Овие друштвени центри во принцип се простории на организации, соработници на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД, кои најмалку еднаш во месецот ги отстапуваат нивните простории за ЛГБТИ лицата од нивните градови. ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД најмалку еднаш во месецот ги посетува овие друштвени центри во градовите Битола, Струмица и Охрид. Меѓутоа, преку изнајмување на алтернативни простори, друштвени средби беа организирани и во Кавадарци, Гевгелија и Тетово.

ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје се грижи и за повозрасните припадници на ЛГБТИ заедницата. Па така, во 2022 година беа формирани групи за поддршка на повозрасните припадници на ЛГБТИ заедницата во повеќе градови.

Исто така, во 2022 година, се оформи и групата за поддршка на родителите, пријателите и поддржувачите на ЛГБТИ заедницата. Оваа група реализираше неколку средби на кои родители на ЛГБТИ деца зборуваа за тоа како ги прифатиле своите деца. Од овие средби произлезе и брошура со приказни на неколку родители на ЛГБТИ деца, а можете да ја преземете со клик овде.

Во рамките на нашите заложби за информирање и едуцирање на ЛГБТИ заедницата за сексуално преносливи болести (СПИ), во Струга во јули беше одржана дводневна обука на оваа тема. На обуката учесниците имаа можност да дознаат повеќе за СПИ и како заедничка иницијатива на учесниците беше објавена информативна брошура која можете да ја преземете со клик овде.

Во 2022-ра беа спроведени и неколку кампањи во повеќе градови во Северна Македонија, за информирање на ЛГБТИ заедницата, посебно во помалите градови и руралните места за да ги охрабри ЛГБТИ лицата од овие градови да ја пријават секоја повреда на човековите права и дискриминација.

ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД Скопје во изминатата година оствари соработка со Интерпартиската парламентарна група за унапредување на правата на ЛГБТИ лицата и со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

# ЦЕНТАР НА ЛГБТИ ЗАЕДНИЦАТА

Центарот на ЛГБТИ заедницата, кој функционира во рамките на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД, првите шест месеци од 2022 година беше лоциран во Тетово, но поради многуте хомофобични закани кон тимот на ЛГБТИ ЈУНАЈТЕД, во втората половина на 2022 година Центарот на ЛГБТИ заедницата беше префрлен во Скопје. Во 2022 година, Центарот беше финансиски поддржан од ЦИВИКА МОБИЛИТАС и Делегацијата на Европската Унија во Скопје.



*Посета на Амбасадорот на ЕУ Дејвид Гир во Центарот на ЛГБТИ заедницата во Тетово*

Центарот служи како место за социјализација помеѓу ЛГБТИ лицата, родителите, пријателите и поддржувачите на ЛГБТИ заедницата.

Во центарот беа организирани различни активности, како што се проекции на филмови, дискусии, вечери на друштвени игри, работилници и др.